ОДЛУКА

Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“, во согласност со Законот за државните награди, Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди („Службен весник на РМ“ бр. 52/06 и 54/07) и Правилникот за работа на Одборот, на својата седница одржана на 16.11.2011 година донесе

О Д Л У К А

за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ во 2011 година за највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, спортот, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност од јавен интерес на Република Македонија.

1. Во областа на воспитанието и образованието, наградата му се доделува на:

проф. д-р Драги Митревски, археолог.

2. Во областа на културата и уметноста, наградата им се доделува на :

академик Луан Старова, писател и

м-р Никола Фиданоски, ликовен уметник.

Оваа одлука стапува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен весник на РМ“.

Наградата ќе им биде врачена на добитниците на 8 декември 2011 година (четврток) во 14 часот, во Свечената сала на Собранието на Република Македонија.

Претседател на одборот за
државната награда „Св. Климент Охридски“,
академик Вера Битракова-Грозданова